Дигитализација на земјоделството

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ИМЕ НА КОМПАНИЈА
АГРОДИДАЕМ ТЕХНОЛОГИЈА ДООЕЛ

ИМЕ НА ПРОЕКТ
Агромилк Д21- Контролер за резервоари за млеко

РЕЗИМЕ

Главна цел на проектот е да се доразвие, усоврши и воведе во производство иновативен контролер. Со „Агромилк Д21“ ќе се овозможи подобро чување и сладирање на млекото, со подобар квалитет. Конторлерот ќе овозможи далечинска контрола на температурните параметри во резервоарите за складирање на млекото, регулирање во реално време што соодветствува со водечките цели на современото земјоделство.

ФИНАНСИРАЊЕ
1,404,982 денари

СОПСТВЕНО КОФИНАНСИРАЊЕ
174,746 денари

ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ
1,579,728 денари

ИМЕ НА КОМПАНИЈА
ДРОН ОПС ДОО

ИМЕ НА ПРОЕКТ
Конструкција на дрон за набљудување, мерење и аналитика

РЕЗИМЕ

Компанијата ќе конструира специфичен дрон за набљудување, мерење и аналитика. Конструкцијата на дронот ќе биде направена од висококвалитетни материјали со цел да овозможи непрекинато летање долг период. Со него ќе се прават: Анализи на полиња и почва со 3Д мапирање, мониторирање на парцелите, проценка на здравјето на културите и анализи на хидролошката состојба. Проектот е од клучно значење за зголемување на приносите, намалување на болестите, намалување на несаканите ризици со цел зголемени приходи кај земјоделците. Дронот ќе биде и патентиран.

ФИНАНСИРАЊЕ
1,431,155

СОПСТВЕНО КОФИНАНСИРАЊЕ
159,017

ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ
1,590,172

ИМЕ НА КОМПАНИЈА
8ТЕК ДООЕЛ

ИМЕ НА ПРОЕКТ
FIELLDTEQ - дигитална земјоделска мултијазична платформа и мобилна апликација

РЕЗИМЕ

Во рамките на проектот предивден е развој на дигитална земјоделска мултијазична FIELLDTEQ платформа и мобилна мултијазична апликација, во која ќе бидат интегрирани 7 модули и апликации. Преку технологија на паметно и прецизно земјоделство ќе се користат сите достапни информации и експертиза, за да се овозможи автоматизација на одржливите процеси во земјоделството, притоа користејќи (Internet of things – IoT). Планирано е интегрирање технологии за сензори и решенија за мониторинг во постојниот земјоделски процес за да се овозможи генерирање на прецизни податоци потребни во секојдневното донесување на одлуки на земјоделците и во земјоделските бизниси.

ФИНАНСИРАЊЕ
1,484,190.00

СОПСТВЕНО КОФИНАНСИРАЊЕ
164,910

ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ
1,649,100.00

ИМЕ НА КОМПАНИЈА
АГФУТУРА ТЕХНОЛОГИИ

ИМЕ НА ПРОЕКТ
Проект: “Центар за дигитално земјоделство (ЦДЗ)”

РЕЗИМЕ
Проектот “Центар за дигитално земјоделство” има за цел иновација на услуга која се состои од три клучни компоненти:
-Едукација за дигитално земјоделство и прецизно земјоделсво со висок степен на апликативност.
-Консалтинг за воведување на дигитално земјоделство и прецизно земјоделство
-Аготехнички услуги за извршување на прецизни операции со користење на беспилотно летало
Со проектот се воведува беспилотно летало за сеидба, ѓубрење и заштита како и поширока едукација за негова примена со висок степен на апликативност преку опитното поле на Центарот за дигитално земјоделство, кое е комплетно опремено со дигитална опрема за мониторинг на земјоделскотот производство. Ваквиот пристап директно придонесува за поефикасна трансформација на земјоделското производство во правец на задоволување на современите стандарди за безбедност на храна и заштита на животната средина.

ФИНАНСИРАЊЕ
1,498,205 денари

СОПСТВЕНО КОФИНАНСИРАЊЕ:
195,000 денари

ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ
1,693,205 денари